# ДЕВИЗНА КЛАУЗУЛА КК 41

## Договор за среден девизен курс

Во договорот се договорени девизни износи и премии искажани во Евра. Договарачот на осигурувањето му плаќа на ГРАВЕ премија на осигурување во противвредност на домашната валута. За пресметка на проитввредноста на домашната валута за секоја уплата се применува средниот курс на денот кој според одредбите во договорот за осигурување е определен како ден на доспевање на премијата за осигурување.

При каснење со плаќање, секоја договорна страна е должна на другата страна да и плати со закон пропишана затезна камата и да и ја надомести штетата која ќе настане во периодот на доцнењето, а која ја преминува висината на затезните камати.

Како штета се смета курсната разлика помеѓу средниот курс на денот на доспевањето на плаќањето на премијата за осигурување и реалниот курс на денот на плаќањето.

Извршен директор

Акционерско друштво
за осигурување
ГРАВЕ
Скопје